РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
Бр.11-57/15
23.01.2019 година
Берово

Друштво за производство, промет и услуги
СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0807-16/2
30.01. 2019 год.
СКОПЈЕ

INTERCERT CERTIFIED
ISO 9001 Q-008/2016

„Димитар Влахов“ бр.10, 2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:so.berovo@t-home.mk

# ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки

Склучен на ден 23.01.2019 година помеѓу следниве

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**
**1. ОПШТИНА БЕРОВО,**
ул. "Димитар Влахов" бр.10 2330 Берово, Р.Македонија, ЕДБ 4001005107203
застапувана од Звонко Пекевски, градоначалник на опшина Берово
(во понатамошниот текст Набавувач, односно, "Договорен орган") од една страна и
2. **СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ СКОПЈЕ**
ул. Борис Трајковски бр.68, Скопје
застапувано преку одговорно лице Ристе Андреевски (во натамошниот текст **економски оператор).**
ЕМБС 4258339 ; ЕДБ 4030991106643

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој Договор се утврдуваат меѓусебните права и обврски на договорниот орган и Економскиот оператор во врска со **НАБАВКА НА ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ 1 (ЕЛ-1) ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА БЕРОВО.**

| **Вид на стоката** | **Корисник** | **Единица мерка** | **Количина** |
|---|---|---|---|
| НАФТА - МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ „ЕКСТРА ЛЕСНО“ (ЕЛ) | Општина Берово | литри | 4.200,00 |

## II. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната вредност на предметот на овој договор, не треба да ндминува износ од 139.332,00 денари без пресметан ДДВ, односно 164.412,00 денари со пресметан ДДВ, со зборови: (сто шеесет и четири илјади четриристотини и дванаесет денари) денари со сите трошоци и попусти.

## IV. ЦЕНИ. УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Стоките, предмет на овој договор се продаваат според цените утврдени согласно Одлуката донесена од Регулаторната комисија за Енергетика на РМ за определување на највисоки цени за одделни нафтени деривати, кои важат на денот на испораката.

Како ден на испорака се смета денот кој е впишан во документот кој ја следи стоката-испратица.

**Член 4**

За испорачаната стока купувачот ќе биде должен да му ја плати на продавачот фактурираната цена.

Продавачот се обврзува фактурирањето на испорачаната стока да го врши по малопродажните цени, намалени за одобрениот рабат во висина од 4,354 ден/лит.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува на определено време односно за период од една година или до целосна реализација на средствата предвидени со договорот, во зависност од тоа што попрво ќе биде исполнето..

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ

**Член 6**

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го испорача сукцесивно, во рок од 3 дена од добивање на писмена нарачка од страна на Договорниот орган до резервоарите на набавувачот.

При испорака на горивото со цистерни, испораката ќе се врши во цистерни на носителот на набавката кои треба да имаат мерач за утврдување на точно истоварената количина на гориво.

Економскиот оператор се обврзува испораката на маслото за горење – екстра лесно (ЕЛ) од член 1 на овој Договор, да го врши во специјални моторни возила – цистерни за дотур на нафта кои имаат мерач за утврдување на точно истоварената количини на гориво.

## VII. РОК НА ИСПОРАКА

**Член 7**

Испораката на маслото за горење – екстра лесно (ЕЛ) од член 1 на овој Договор, економскиот оператор да ја изврши во рок од 3 дена од добивање на писмена нарачка од страна на Договорниот орган до резервоарите на набавувачот

## VIII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕ ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Во случај на доцнење на испораката на средствата од член 1 на овој Договор од страна на Економскиот оператор, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

Договорната казна се определува во висина на 0,1% од вредноста на неиспорачаната стока за секоја започната недела за првите две недели, односно 0,5% за секоја следна недела задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на неиспорачаната стока.

Договорниот орган неможе да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на економскиот оператор дека го задржува своето право на договорна казна.

## IX. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

**Член 9**

При изготвувањето на фактурата, економскиот оператор е должен да ги наведе следните елементи:

назив на економскиот оператор, место, седиште, даночен број,жиро -с/ка
број и датум на Договорот
количина со опис на стоката

единечни договорни цени за секој од елементите
вкупни цени по елементите
вкупна цена на фактурата
други зголемувања или намалувања (камати, пенали и сл)
пресметка за ДДВ
валута на плаќање

## X. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 10**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на економскиот оператор да го врши **вирмански**.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на економскиот оператор да го врши по завршена испорака, во рок од **30 дена** од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган, на сметка и банка на економскиот оператор.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

## XI. КВАЛИТЕТ

**Член 11**

Квалитетот на нафтените деривати од член 1 од овој Договор мора да одговара на условите пропишани со Правилникот за квалитет на течните горива Економскиот оператор се обврзува за испорачаните нафтени деривати од член 1 на овој договор да достави Уверение за квалитет на испорачаните нафтени деривати, кој е потребно да биде прилог на доставената фактура.

## XII. КВАЛИТАТИВНА И КВАНТИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 12**

Економскиот оператор е должен нафтените деривати да ги декларира тежински или волуменски преку мерни иструменти, кои се одобрени од овластени органи за контрола на мери и скапоцени метали со сведување на 15 С.

За извршеното мерење економскиот оператор е должен на крајниот корисник од член 5 да му издаде картица од мерач на проток или баждарено превозно средство, во кое е отпечатено: бруто, дара и нето тежина како и регистарски број на моторното возило - цистерна.

**Член 13**

Квалитативен и квантитативен прием на нафтените деривати од член 1 на овој Договор ќе се врши од страна на крајниот корисник на договорниот орган. При испораката на нафтените деривати, цистерните мора да бидат пломбирани од страна на економскиот оператор. Приемот на нафтените деривати крајниот корисник-договорниот орган го потврдува со заверка - потпис на испратницата од овластен претставник на крајниот корисник, еден примерок на испратница задржува крајниот корисник на договорен орган.

До колку крајниот корисник на договорниот орган, при приемот и визуелната контрола на квалитетот на нафтените деривати има забелешка, должен е да не врши истоварување од цистерната. За настанатата ситуација веднаш ја известува службата за продажба или дежурната служба на добавувачот. По добиеното известување добавувачот превзема мерки за утврдување на фактичката состојба.

## XIII. РЕКЛАМАЦИЈА

**Член 14**

Рекламацијата на квалитетот и квантнтетот се поднесува во рок од 3 (три) дена од приемот на нафтените деривати од член 1 на овој Договор.

Дозволено остапување на количините на нафтените деривати по мерно место изнесува + - 0,5 %.

Договорниот орган може да врши рекламација на количините на нафтените деривати само на неистоварена цистерна. Доколку крајниот корисник на договорниот орган има рекламација, за тоа го известува економскиот оператор, кој е должен веднаш по рекламацијата да испрати стручна комисија за да ја утврди фактичката состојба, во присуство на двете договорни страни.

Економскиот оператор е должен да даде писмен одговор на рекламацијата.

## XIV. ВИША СИЛА

**Член 15**

Договорниот орган и економскиот оператор се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договараат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## XV. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 16**

Економскиот оператор е должен на договорниот орган да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на средствата од член 1 на овој Договор согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

## XVI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 17**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе го решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред арбитражна комисија која ќе ја сочинуваат 3 (три) члена и тоа 1 (еден) од двете договорни страни, а третиот член ќе го одберат заеднички од редот на арбитрите на Арбитражниот суд при Стопанска Комора на Република Македонија.

Во случај Договорот да е склучен од странски Економскиот оператор, било кој спор, недоразбирање кои би произлегле од овој Договор или е поврзан со истиот, или прекршување, прекинување или неважење на истиот, се решава преку арбитража во согласност со Правилата за арбитража на УНЦИТРАЛ кои се во сила.

**Член 18**

Доколку Арбитражната Комисија не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежен суд во Скопје.

## XVII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 19**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## XVIII. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 20**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## XIX. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 21**

Се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

## XX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

Измени и дополни на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс - Договор во согласност со двете договорни страни.

**Член 23**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два ) за Економскиот оператор.

*Прилог на Договорот е понудата на економскиот оператор по е-аукција од 14.01.2019 година.

**ДОГОВОРЕН ОРГАН**

**ОПШТИНА БЕРОВО**
Градоначалник
Звонко Пекевски
[redacted]

**ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР**

**СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ - СКОПЈЕ**
Одговорно лице
Ристе Андреевски
[redacted]

**Прилог 1 – Образец на конечна понуда**

Врз основа на огласот број 11-57/2019 објавен од страна на ЕЛС Општина Берово за доделување на договор за јавна набавка на екстра лесно ЕЛ-1 со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

К О Н Е Ч Н А П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Супертрејд ДООЕЛ Скопје
I.2. Контакт информации
- Адреса: ул.Борис Трајковски бр.68, Скопје
- Телефон: 02/5213-858
- Факс: 02/2777-499
- Е-пошта: office@supertrade.com.mk
- Лице за контакт: Александра Јолевска

I.3. Одговорно лице: Ристе Андреевски
I.4. Даночен број: 4030991106643

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки/услуги/работи:
Дел 1 *[ако договорот не е делив, ова се брише]*

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Увозни царини [доколку цената не е оптеретена со увозни царини, да се избрише] | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| Екстра лесно масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1) | литар | 4.200 | 33,1742 | / | **139.332,00** | 25.080,00 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | Вкупна цена без ДДВ 139.332,00<br>Со зборови: стотриесетидеветилјадитристотинитриесетидваденари | | | | | |

Рабат после електронска аукција 4,354 денари со вклучен ДДВ.

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **139.332,00** *[со бројки]* (стотриесетидеветилјадитристотинитриесетидваденари) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 25.080,00.

III. 2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

**Листа на цени за дел** ___

| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Назив | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Увозни царини [доколку цената не е оптеретена со увозни царини, да се избрише] | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| Екстра лесно масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1) | литар | 4.200 | 33,1742 | / | **139.332,00** | 25.080,00 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | Вкупна цена без ДДВ 139.332,00<br>Со зборови: стотриесетидеветилјадитристотинитриесетидваденари | | | | | |

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.4.Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Скопје, 17.01.2019

Одговорно лице

____________________
(потпис) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*